Собранието на Комората на извршители на Република Македонија, на седницата на Вонредното Собрание одржана на ден 21.09.2007 година, во Битола, врз основа на член 67 од Законот за извршување, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

Член 1

Со Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, се уредува: дисциплинската одговорност, дисциплинските повреди, дисциплинските органи, санкции, застареност на гонење, привремено оддалечување од службата, извршување на дисциплински одлуки, како и други прашања во врска со работењето на извршителите и дисциплинската одговорност на членовите на Комората на извршители на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комората).

Член 2

Се смета дека извршителот не е одговорен за дисциплинска повреда се додека неговата одговорност не биде утврдена со конечна одлука.

На извршителот не може да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда која пред да биде сторена не била утврдена со Законот за извршување.

Одговорноста за стореното кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на извршителот.

Член 3

Постапката пред Дисциплинската комисија е итна.

Во дисциплинската постапка службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Претрес пред Дисциплинската комисија е јавен.

Член 4

Извршителот против кого се води постапката има право на непосредно произнесување пред Дисциплинската комисија.

Извршителот има овластено право да биде застапуван во дисциплинската постапка од лице кое тој ќе го овласти да го застапува.

## Дисциплинска одговорност

Член 5

Ако извршителот со своето однесување при работата врши повреда на службената должност при спроведувањето на извршните дејствија или противзаконито ги врши службените дејствија или по своја вина ги одложува, или пак со своето однесување во приватниот живот ги нарушува честа и угледот како вршител на јавни овластувања, ќе се казни поради неуредност или дисциплинска повреда.

Неуредност е секоја полесна повреда на службената должност, која не е дисциплинска повреда.

Извршителот прави дисциплинска повреда, ако:

а) бил именуван, свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки (многу тешка повреда која повлекува разрешување);

б) ја повреди должноста утврдена со Законот за извршување и со тоа сериозно ја загрози довербата во неговата непристрасност и во дејствијата што ги превзема, особено ако преземе дејствие кое според закон е исклучено (многу тешка повреда);

в) спротивно на извршната тарифа, побара поголема награда (тешка повреда);

г) со ветување дека ќе ја намали наградата, преку посредник или на друг непристоен начин, бара странки (средно тешка повреда);

д) ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања (средно тешка повреда);

ѓ) бара пристап до податоци за лица кои не се должници во негов конкретен предмет (тешка повреда);

е) грубо го повреди достоинството на личноста на должникот и неговото семејство (тешка повреда);

ж) неточно или неуредно ја води евиденцијата (тешка повреда);

з) на јавна продажба или во текот на некоја друга постапка, која ја води како извршител, купи за себе или за свои роднини предмети или права (тешка повреда);

ѕ) за плата врши државна или некоја друга постојана јавна или приватна служба, ако врши надзорни или управни работи или се занимава со трговија и посреднички работи или со занимање што не е во согласност со угледот, честа или независноста на извршителот, ако склучува договори под свое име за други лица или под туѓо име за себе, или ако е учесник во работата во која презема службени дејствија како извршител, ако парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од Законот за извршување (многу тешка повреда); и

и) за времето за кое привремено му е одземено правото за вршење на професијата, врши работи на извршување или на друг начин ја избегнува казната (многу тешка повреда).

Член 6

За сторена дисциплинска повреда се изрекува дисциплинска казна предвидена со Законот за извршување и овој Правилник.

Член 7

При изрекување на дисциплински мерки се земаат предвид тежината на повредата, степенот на одговорност на извршителот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување и вршење на работите, како и други олеснителни и отежителни околности.

## Дисциплински мерки поради неуредност

Член 8

Дисциплински мерки поради неуредност се:

а) усна или писмена опомена и

б) парична казна во висина од 500 евра во денарска противвредност на денот на плаќањето според среден курс на Народна Банка на Република Македонија, чие плаќање може да се определи во најмногу пет еднакви месечни рати.

## Дисциплински мерки за дисциплински повреди

Член 9

Дисциплински мерки за дисциплински повреди на извршителот се:

а) усмен укор кој му се упатува на извршителот во присуство на претседателот на Комората, со предупредување повредата да не се повтори;

б) писмено предупредување, кое се става 30 дена да стои на вратата од салата за состаноци во седиштето на Комората;

в) парична казна во висина од 1.500 евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Македонија, чие плаќање може да се определи во најмногу шест еднакви месечни рати;

г) привремено одземање на правото за вршење на професијата.

Дисциплинска мерка се изрекува сразмерно на сторената повреда, и тоа:

а) усмен укор и писмено предупредување се изрекува за лесни повреди;

б) парична казна се изрекува за средно тешки повреди;

в) казна привремено одземање на правото за вршење на професијата се изрекува за тешки повреди;

г) казна одземање на правото за вршење на професијата се изрекува за многу тешки повреди и во сите други случаи на неспособност за вршење на функцијата извршител; и

д) во случај на поврат сторен во период од една до пет години, ќе се примени потешка казна додека не се стигне до казната одземање на правото за вршење на професијата.

Дисциплинската мерка одземање на правото за вршење на професијата, ќе се изрече особено, ако:

- извршителот бил именуван свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки за тоа, и
- за времето за кое привремено му е одземено правото на вршење на службата, тој врши извршни работи или на друг начин ја избегнува казната.

Ако со сторената дисциплинска повреда, извршителот стекнал недозволена имотна корист, паричната казна може да му се изрече до двојниот износ на висината на таа корист, независно од ограничувањето на ставот (1) точка в) од овој член.

## Дисциплински органи

Член 10

Во дисциплинската постапка во прв степен одлучува Дисциплинската комисија при Комората.

Членовите на Дисциплинската комисија ги избира Собранието на Комората.

Дисциплинската комисија е составена од пет члена од кои тројца судии од подрачјето на основниот суд за кое извршителот е именуван и два члена од Комората.

Поведувањето на дисциплинската постапка може да биде по предлог на Комората, надлежниот суд за подрачјето на кое е именуван извршителот, странките и учесниците во извршувањето.

Против одлуката на Дисциплинската комисија дозволена е жалба до министерот за правда.

Против одлуката на министерот за правда извршителот има право да поведе управен спор.

## Член 11

На извршителот против кого е поведена постапка за тешка и многу тешка повреда, со цел да се заштити достоинството на професијата, по барање на Дисциплинската комисија, односно во случајот од став (2) на овој член на известие од судот, министерот за правда може да донесе одлука со која привремено му се забранува вршењето на професијата се до завршувањето на дисциплинската постапка.

Привремена забрана за вршење на професијата секогаш ќе се определи, ако:

а) против извршителот е поведена истрага за кривично дело од користољубие; и

б) против извршителот е донесена правосилна пресуда со која му е изречена санкцијата забрана за вршење на професијата.

Привремената забрана за вршење на професијата ќе се отповика штом ќе пристигнат причините кои ја предизвикале.

За одлуките од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Дисциплинската комисија ќе ги извести претседателот на основниот суд за чие подрачје е именуван извршителот и Комората.

Одлуката по барањето за привремена забрана за вршење на професијата треба да се донесе во најкраток можен рок, откако на извршителот ќе му се даде можност во рок од 72 часа да се изјасни.

## Член 12

Дисциплинските органи од член 10 од овој Правилник се избираат и отповикуваат од страна на Собранието на Комората, на начин и постапка определена со Статутот на Комората.

## Член 13

Дисциплинските органи се самостојни и независни во донесувањето на одлуките и водењето на постапката, а за својата работа одговараат пред Собранието на Комората.

Член 14

Правата и должностите на дисциплинските органи и одговорноста за дисциплинските повреди на извршителот, се уредуваат со Законот за извршување, Статутот на Комората и овој Правилник.

Член 15

Членовите на дисциплинските органи не можат да бидат повикани на одговорност за одлуките што ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

## Дисциплинска постапка

Член 16

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка содржи факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинска повреда.

По приемот на предлогот се образува предмет кој се заведува под датумот на приемот во уписникот "ДП" при што добива соодветен број.

Предлогот од став 1 од овој член веднаш се доставува до извршителот на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот доставува одговор и докази кои се наведени во предлогот, а се наоѓаат кај него.

Член 17

За утврдување на факти во врска со дисциплинската одговорност на извршителот, претседателот на Дисциплинската комисија може да донесе одлука одредени факти или околности во врска со дисциплинската повреда, односно сите факти во врска со неа да се испитаат пред да започне дисциплинскиот претрес.

Извидите од став 1 од овој член ги спроведуваат членовите на Дисциплинската комисија од редот на извршителите, при што задолжително составуваат записник кој содржи соодветни заклучоци, а кој се доставува до претседателот на Дисциплинската комисија.

Членовите на Дисциплинската комисија од редот на извршителите

изготвуваат писмен реферат по предметот и го доставуваат до претседателот на Дисциплинската комисија. Претседателот на Дисциплинската комисија определува член–известител (извршител од редот на членовите на Дисциплинската комисија), на кого му се доставува писмениот реферат со сите докази за проучување и реферирање.

Врз основа на извидите Дисциплинската комисија ќе донесе одлука дали ќе се покрене претрес.

Член 18

Дисциплинската комисија работи на седница.

Седниците се одржуваат во форма на претрес.

Претресот се одржува во службените простории на Комората.

Член 19

Претресот го закажува, претседателот на Дисциплинската комисија, а во негово отсуство заменикот на претседател, на кој се повикува извршителот и неговиот бранител доколку го има, сведоците, а по потреба и други лица.

Поканата за претрес се доставува најдоцна 5 дена пред денот на одржувањето на претресот.

Поканата за претресот содржи име и презиме на лицето кое се повикува, времето и местото на одржување на претресот, причината за повикување и својство во кое се повикува лицето во постапката.

Поканата за претресот до извршителот или друго лице се доставува преку пошта.

Член 20

Пред почетокот на претресот, претседателот на Дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

Претресот може да се одржи во отсуство на извршителот и неговиот бранител доколку уредно биле повикани, а отсуствуваат од неоправдани причини.

Член 21

Кога се исполнети условите за одржување на претресот, претседателот на Дисциплинската комисија го отвара истиот, му дава збор на известителот, а потоа на извршителот или неговиот бранител, сведоците и другите повикани лица, при што се грижи за правилно водење на дисциплинската постапка.

Претседателот и члeновите на Дисциплинската комисија можат да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

По изјаснување на членот – известитител и извршителот Дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази. Доказите се изведуваат со читање или со сослушување на сведоците, а кога е потребно се одредува и вештачење.

Дисциплинската постапка се води според правилата на кривичната постапка.

Претресот, по правило завршува во истиот ден кога е и започнат.

За дејствијата преземени на претресот Секретарот на Дисциплинската комисија води записник кој содржи податоци за составот на Дисциплинската комисија, подносителот на предлогот, времето и местото на одржување на претресот, извршителот и неговиот бранител, доколку таков има, законскиот основ на дисциплинската повреда, битната содржина на исказот на извршителот, сведоците и изведените докази.

Записникот го потпишуваат: претседателот, извршителот против кого се води дисциплинската постапка, односно неговиот бранител и записничарот.

Доколку извршителот или неговиот бранител одбијат да го потпишат записникот, ќе се внесат причините за одбивањето.

Член 22

По одржување на претресот Дисциплинската комисија донесува одлука.

За советувањето и гласањето се составува посебен записник кој содржи:

Состав на Дисциплинската комисија, местото и времето на одржувањето на советувањето, текот на гласањето и одлука.

Издвоените мислења, доколку ги има, се внесуваат во самиот записник, а го потпишуваат сите членови на Дисциплинската комисија и записничарот.

Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка, а може да го разгледа само министерот за правда кој одлучува по жалба.

Член 23

Против одлуката на Дисциплинската комисија со која се изрекува дисциплинска мерка, извршителот има право на жалба до министерот за правда во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

Жалбата се поднесува во два примероци.

Едниот примерок се доставува до подносителот на предлогот кој може да даде одговор на жалбата во рок од осум дена по приемот на жалбата.

## Одлуки на дисциплинските органи

Член 24

Дисциплинските органи од член 10 од овој Правилник своите одлуки ги донесува во форма на решение или заклучок.

Одлуките кои ги донесува Дисциплинската комисија, ги потпишува претседателот на Дисциплинската комисија, а во негово отсуство неговиот заменик, и истите се заверуваат со печат и штембил на Комората.

Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи:

- вовед во кој се наведува кој и кога ја донел одлуката, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог;
- изрека, во која се внесува видот на изречената дисциплинска мерка и краток опис на повредата за која извршителот е одговорен;
- образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката; и
- поука за заштита на правата.

Член 25

Дисциплинската комисија донесува:

1. одлука со која извршителот се ослободува дека сторил дисциплинска повреда;
2. одлука со која извршителот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда и му се изрекува соодветна дисциплинска мерка; и
3. решение за привремено оддалечување од службата.

## Застареност

Член 26

Рокот на застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува две години.

Застареноста почнува да тече од денот кога дисциплинската повреда е направена.

Прекин на застареноста настапува со преземање на секое процесно дејствие што се презема заради поведување на постапка за сторена дисциплинска повреда.

Застареноста за поведувањето на постапката за дисциплинска повреда настапува во секој случај по истекот на четири години од денот на сторената повреда.

## Награда и надоместок на трошоците на членовите на Дисциплинската комисија

Член 27

Награда на членовите на Дисциплинската комисија се определува со одлука која ја донесува Управниот одбор на Комората.

Надоместок на трошоците се определува со Правилник за висината и надоместокот на патните трошоци кој го донесува Управниот одбор на Комората.

Член 28

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото истакнување во службените простории на Комората на извршители на Република Македонија.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,

Антонио Коштанов